МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

## за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Англиски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Мојот микро свет: јас, семејство, пријатели***<br>● ***Мојот макро свет: населба, град, држава***<br>● ***Наше образование, наша иднина***<br>● ***Општеството и животната средина*** |
| **Број на часови** | 3 часа неделно / 108 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ● Компјутер (таблет), печатач, проектор, табла(интерактивна табла), постер.<br>● Фотографии, слики, предмети, флеш карти, стикери.<br>● Материјал за изработка на картички/а, честитки/а, хартија(во боја), хамер, ножици, лепак, блокови и прибор. |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - наставна насока, VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени четиригодишни студии на студиската програма македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIА според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Користење други јазици*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-А.2 | да ја извлече главната поента во јасни, едноставни пораки, соопштенија, упатства, молби и сл.; |
| II-А.3 | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| II.А.4 | да најде конкретни информации во текстови во реални материјали (како на пример, реклами, проспекти, упатства, брошури, менија, возни редови и сл.) и да разбере куси едноставни пораки, со цел да се снајде во секојдневни ситуации; |
| II-А.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |

| | |
|---|---|
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура*** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |

| | |
|---|---|
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: **МОЈОТ МИКРО СВЕТ: ЈАС, СЕМЕЈСТВО, ПРИЈАТЕЛИ**
Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. иницира и води едноставен разговор за вообичаени рутини, навики и семејни релации формулирајќи реченици во *Present Simple Tense* и поврзувајќи ги во мисловна целина;
2. чита и разбира детален опис на лица и предмети и ги споредува во непосреден дијалог користејќи степенување на правилни и неправилни придавки;
3. искажува сопствено мислење давајќи аргументи со примена на соодветни колокации и фразелошки изрази;
4. писмено и усно составува покана, барање и понуда.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| а) Јазични функции:<br>● искажување факти, рутини, навики, и кажување време *(telling time)*<br>● искажување подготвеност, решеност, намера<br>● искажување покана/ барање/понуда<br>● искажување учтиво барање<br>● искажување активност што се случува во моментот (наспроти активности кои се повторливи)<br>● изразување мислење преку искажување личен став кон лице/предмет<br>● давање детален опис на изглед на лица и предмети со правилно подредување на описните придавки во низа<br>● опишување карактерни особини<br>● зборување за и опишување на занимациите (лични интереси и хоби) и активностите во слободното време | ● Одговара и поставува прашања во *Present Simple Tense* за да праша/одговори за точно време, одреден факт, нечија навика или вообичаена рутина.<br>● Препознава и употребува форми на модалниот глагол *will* за да изрази подготвеност, решеност или намера.<br>● Составува прашални реченици со модалниот глагол *would* за учтиво да побара нешто.<br>● Користи *Present Continuous Tense* за да опише активности што се случуваат во моментот на зборување.<br>● Формулира реченици со глаголот *like* за да изрази (не)допаѓање кон одредено лице или предмет давајќи соодветен аргумент.<br>● Детално опишува предмети, како и физички изглед и карактер на лица користејќи соодветни описни придавки.<br>● Поврзува неколку реченици во *Present Simple Tense* во низа за да ги опише личните интереси, хоби и активности во слободно време.<br>● Користи степенувани придавки за да опише две или повеќе лица/предмети/објекти/места/настани/ активности и слично. |

| | |
|---|---|
| ● споредување две или повеќе лица/предмети/објекти/места/настани/ активности и слично<br>● започнување разговор со еден или повеќе соговорници<br>● изразување семејни релации<br>● опишување сетилни сензации<br>● изразување точно време и дел од часот | ● Иницира, учествува и завршува разговор за секојдневни активности, идни намери и планови користејќи ги усвоените готови фрази, колокации и фразеолошки изрази.<br>● Опишува (писмено и усно) семејни релации со примена на соодветни лексички единици.<br>● Применува глаголски форми во *Present Simple Tense* во едноставни реченици за да опише сетилни сензации.<br>● Составува соодветни прашања и одговори за да праша/искаже точно време. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● описни придавки за опис на лица *(afraid, alone, angry; blonde, brave, brilliant, busy, careful, lovely, lucky, married, pleasant, slow, strong, thin, young, shy)*<br>● колокации со секојдневни активности *(catch the bus, clean the room, do the chores, do the washing-up, make breakfast, stream a movie)*<br>● скаменети фразеолошки изрази за колична и време *(the more, the merrier; better late than never)*<br>● семејство и пријатели*: family, mum(my), dad(dy), siblings, triplets, grandchild, friend*<br>● поими за опишување на просториите и просторот во дом: *attic, basement, cellar, garage, downstairs, (the first, second…) floor, upstairs, home office*<br>● медиуми: (радио/телевизија/социјални мрежи): *signal, broadcast, editing software, streaming, subtitles, online, application, network*<br>● музика /филм/театар/кино: *album, beat, hip hop, lead singer, mix; music, musician, pop music, rap, record store, comedy, horror*<br>● именски форма поврзани со занимации, лични интереси и активности во слободното време:<br>*- indoor activities: book, club, dancing, drawing, newspaper, painting, party, gaming*<br>*- outdoor activities: barbecue, beach, bicycle, board game, camp, camping, campsite, festival, hobby, holiday, marbles, member, photograph, skateboarding, skipping (rope), tent*<br>● глаголски форми поврзани со занимации, лични интереси и активности во слободното време: *climb, sail, skip, draw, to light a barbecue, to set up a tent, ride a skateboard/skate, play violin/guitar*<br>● време и дел од часот: *half (past), o'clock, past, (a) quarter (past/to), to, midnight, noon, a few minutes,* | ● Препознава значење и употребува низа придавки за опис на лица и карактери.<br>● Користи одреден број зачестени колокации со кои се искажуваат секојдневни активности.<br>● Препознава одреден број фразеолошки изрази и повремено ги користи кога искажува сопствено мислење и води разговор од непосреден интерес.<br>● Зборува за семејството и пријателите применувајќи соодветни лексички термини за опис на релациите.<br>● Опишува (писмено и усно) простории во домот користејќи соодветни лексички единици.<br>● Препознава значење на лексички единици поврзани со традиционални и нетрадиционални медиуми.<br>● Зборува за личните интереси користејќи усвоен вокабулар поврзан со музика, филм, театар, кино и активности во слободно време.<br>● Користи соодветни глаголски форми за да опише лични интереси, хоби и слободни активности.<br>● Искажува точно време со примена на одредени изрази за искажување време.<br>● Поврзува придавка со соодветен предлог за да состави зачестени колокации. |

| | |
|---|---|
| *the clock is running/ticking, put/turn the clock back.*<br>● колокации со придавка и предлог *(afraid of, proud of, scared of, happy for, crazy about, dressed in)* | |
| в) Граматички структури:<br>● увежбување на сегашни времиња преку контрастирање сегашни времиња *(Present Simple Tense and Present Continuous Tense)* со усвоените прилози и прилошки определби за сегашно време и честота<br>● увежбување на усвоената глаголска форма и употреба на *be going to* - потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина | ● Прави разлика помеѓу различни глаголски форми во сегашно време и соодветно ги користи во даден контекст.<br>● Изразува/прашува за однапред утврдени планови и намери формулирајќи реченици со глаголската форма *be going to*.<br>● Препознава куса и долга потврдна и одречна форма на модалниот глагол *will* и соодветно ги применува во контекст.<br>● Составува граматички точни реченици со модалниот глагол *will* за да изрази подготвеност, решеност и намера. |

| | |
|---|---|
| • модален глагол *will* за искажување спремност, решеност, намера во потврдни и одречни реченици за сите лица во еднина и множина: *I will help you.*<br>• модален глагол *will* за искажување покана/ барање/понуда во прашални реченици за сите лица во еднина и множина: *Will you come with me this evening?*<br>• модален глагол *would* за искажување учтиво барање во прашални реченици за сите лица во еднина и множина: *Would you help me with this?*<br>• увежбување на усвоената форма и употреба на *Present Continuous Tense* за изразување идност - потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина<br>• степенување придавки (компаратив и суперлатив) - правилни и неправилни придавки<br>• неопределен член *(a/an)*:<br>- пред бројни именки во еднина: *I have a brother, but I don't have an aunt.*<br>- во некои временски прилози за зачестеност: *three times a day, once a year*<br>- со дропки: *a quarter, a third*<br>• неопределени заменки за лица и предмети *(someone, anyone, noone, everyone, something, anything, nothing, everything)*<br>• увежбување на прашални конструкции со *What + like (What does she look like? / What does she like? / What is she like?)* | • Составува прашања со модалниот глагол *will* за да побара/понуди нешто.<br>• Прави разлика помеѓу модалните глаголи *will* и *would.*<br>• Го користи модалниот глагол *would* во прашална форма за учтиво да побара нешто.<br>• Контрастира употреба на *Present Continuous Tense* за активности во моментот на зборување наспроти идни планови и договорени дејства.<br>• Користи соодветни наставки за компаратив и суперлатив на придавките, како и различни степенувани форми кај неправилните придавки.<br>• Разликува употреба на различните форми на неопределениот член.<br>• Користи соодветен неопределен член пред брјни именки во еднина, одредени прилози за зачестеност и математички дропки.<br>• Препознава значење на сложени неопределени заменки за лица и предмети и соодветно ги користи во контекст.<br>• Употребува прашални конструкции со *What + like* за да одржува дијалог/разговор од најнепосреден интерес. |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Идентификување и препознавање на дезинформации (визуелни); | • Поврзува наслови на вести (соодветни за возраста) со соодветни насловни фотографии. |

| | |
|---|---|
| ● Градење на чувство за одговорност кон себе и кон другите членови во семејството;<br>● Меѓународен ден на старите лица *(International day of older persons is celebrated on October, 1).* | ● Зборува за личните семејни обврски и одговорности и ги набројува обврските и одговорностите на останатите членови во семејството.<br>● Одговара на едноставни прашања во однос на повозрасни лица во семејството и непосредната околина и објаснува зошто тие треба да се почитуваат. |

**Примери на активности:**

- *Tell me your routine.* Со прашања и одговори учениците во своите групи се обидуваат да откријат што повеќе информации за секојдневието на нивното другарче при што внимаваат на правилна употреба на *Present Simple Tense.* На пр. *When do you get up? - I get up at 7.00 o'clock. What do you do after that? -I brush my teeth and after that I have breakfast. How do you go to school? -I go to school by bus. …*
- *What will you do this time next week/month/year?* Секој ученик/чка пишува десет искази користејќи го модалниот глагол will. На пр. *I will go scuba diving next month. I will eat an entire pizza next week. I will backpack across Italy next year.* итн. Соучениците погодуваат кои искази би ги направил нивниот/та другар/ка, а кои не. Играта трае додека има интерес.
- *Memory review game*. Учениците се делат во групи. Во групата првиот ученик дава пример за своја рутина, на пр. *I watch TV at six o'clock*. Вториот ја повторува реченицата при што внимава на трето лице еднина, а потоа додава реченица за себе, на пр. *Ana watches TV at six o'clock. I watch TV at half past six*. Следниот ги повторува дадените информации и додава своја, итн. Ако некој од учениците заборави некоја од информациите, играта треба да започне повторно.
- Учениците пишуваат прашања во *Present Continuous* и *Present Simple Tense*, а потоа фрлаат паричка за да видат дали ќе треба сами да одговорат на прашањето (петка = одговара) или ќе го постават прашањето на својот другар (глава = прашува).
- *I think that...* игра за изразување мислење. Во парови, учениците наизменично ги делат картичките дадени од наставникот на кои има илустрации. Едниот го дава своето мислење за илустрацијата на картичката, на пр. *I think that watching TV is entertaining* и другиот го дава своето мислење, како и причината за своето мислење и поставуваат дополнителни прашања кога е можно. Играта продолжува се додека двајцата ученици не дадат мислење за секоја картичка.
- *Find the personality word*. Додека гледаат видео, учениците креваат рака секој пат кога мислат дека ќе видат personality adjective (описна придавка) на видеото, а класот дискутира дали нивната изјава навистина е претставена во видеото. (на пр. *Mr Bean is cunning. He is fooling the little kid*)
- *Jobs describing game*. Учениците поделени во мали групи преку пантомима се обидуваат да ја опишат занимацијата (личен интерес и хоби) или активноста во слободно време, а останатите се обидуваат да го откријат/погодат терминот, на пр. *I am a main singer in a musical group*.
- *Scrambled Jobs/Free time activities*. Учениците составуваат зборови кои означуваат занимации/активности од слободно време од дадени букви по измешан редослед. (на пр. *STCSIIETN = scientist*, *INGPANTI = painting*) , а потоа пишуваат реченици со истите. (на пр. *My brother likes painting. His dad is a scientist*.)

- *Comparative and Superlative quizzes*. Учениците ги користат нивните општи знаења за да одговорат на прашањата. На пр. *Which country is bigger - Canada or New Zealand?*
- *Fun Facts.* Учениците ги погодуваат компаративните придавки што недостасуваат во речениците за забавни факти.
- *Spelling relay*. Учениците се редат пред таблата поделени во два тима. На последниот ученик/ученичка од редот, наставникот/наставничката му покажува семејна картичка со зборови *(family ties)*. Тој/таа го пишува зборот поврзан со семејството со прст на грбот на ученикот/ученичката пред него. Зборот се пишува на грбот на следниот ученик се до последниот кој/која го/ја запишува на табла. Првиот тим што ќе го напише точниот збор на таблата добива поен.
- *Our house, in the middle of our street*. Еден ученик/ученичка опишува една просторија во својот дом, додека другите се обидуваат да ја одгатнат просторијата. На пр. *It's a big room inside, right under our roof. I store all my toys in it. (=attic); It's downstairs, on the ground floor. My dad keeps our family car as well as our bicycles there. (=garage);*
- *A guessing game with "Going to"*. Учениците се делат во парови. Еден од нив користи *going to* за да каже кои мали работи планира да ги направи како дел од некој поголем план/проект. Другиот слуша и се обидува да го погоди поголемиот план/проект. На пр. лицето што зборува вели: *I'm going to buy some new clothes*./*I'm going to visit a hairdresser*./*I'm going to put on make-up this evening*. Играта трае додека соученикот не погоди дека тој/таа оди на забава/веселба/прослава.
- *Match a question with a reply*. Учениците ги поврзуваат дадените прашања со одговори со цел увежбување учтиво барање. На пр. *How would you like your tea? Just a touch of milk, and no sugar, please.*
- *Sorry, I'm just so popular!* Користејќи различни изговори при прашањето на својот соученик (на пр. *I'm meeting my cousin./I'm doing my homework./I'm visiting my grandma.),* учениците ги увежбуваат веќе усвоените глаголски форми за *Present Continuous Tense* за изразување идност. Играта продолжува додека на едно од учениците му снема идеи за изговор.
- *Guess the person/celebrity.* Еден ученик/ученичка користи *personality adjectives* за да опише некого, додека другите не погодат кого опишува. Може да биде член на семејството, некој кого го познаваат или некоја позната личност. На пр. *She is young and she's got brown hair. She has performed the role of the most famous 'Blonde'. She is a very famous Cuban and Spanish actress.* (*Ana de Armas)*
- *It's the Globe, chaps!* На учениците им се прикажува постер/фотографии со традиционални и нетрадиционални медиуми и се бара да напишат кус опис за како/каде најмногу го поминува слободното време применувајќи ги соодветните глаголски форми како и користејќи го усвоениот вокабулар поврзан со музика, филм, театар, кино и активности во слободно време.
- *Fact or fiction*. На учениците на интерактивна табла им се прикажуваат примери на вести споделени на медиумите и се отвора дискусија како можеме да ги идентификуваме и препознаеме дезинформациите за да ги запознаеме учениците дека лажните вести можат да бидат од неколку вида, и тоа: кога содржината те лаже, е наметлива, или фабрикувана, кога насловот и фотографијата не се совпаѓаат со останатиот дел на текстот, кога содржината е манипулирана односно лажна, кога се работи за сатира или пародија. На пр. *фабрикувана содржина* - 100% лажна содржина намерно направена за да измами и да предизвика штета (*Chicken Jojo laid an egg - and out came a lizard*); *кликбејт* - манипулативни наслови што ги тераат луѓето да кликнат. *(You will never believe what this chick did! Shocking! (photo + video))* итн.
- *We are a family*. Учениците гледаат краток видео запис кој ја развива нивната свесност за семејни улоги и одговорности; развиваат дискусија и носат заклучоци на темата. (На пр. *Father goes to work. Mother goes to work, too. She cooks food for the family. He helps*

*mum clean the house. They both look after us. Me and my brother help too. I help set the table and my brother helps unload the dishwasher. We are a happy family. What are your responsibilities in your family? Number your family members' roles and responsibilities*.)

- *International day of older persons*. Една група ученици талентирани за цртање изготвуваат подароци креативни цртежи, друга група изготвува кратка драматизација/рецитал со соодветна тематика, а пак трета група изработува подарок честитки со соодветна посвета со цел подигање на свест и поголема солидарност и емпатија кон старите лица. По претходно договорена посета со институцијата за стари лица, групата ученици со нивните наставници ја посетуваат институцијата и после приредбата ги поделуваат изготвените подароци.

- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

*It's quarter to six. It's half past three. It's almost noon.*
*The spring break is over. We are ready to take the exams now.*

*Would you like to come to the school's spring fair with us? Why don't you come to the school's spring fair with me?*

*Could you call your doctor and make an appointment?*

*I can't hear what you are saying, I am washing the dishes in the kitchen!*

*I really love that painting! I don't mind his foreign accent.*

*Aurelia: Who's that boy over there, Hannah?*
*Hannah: That? Er, that's my brother, Jem.*
*Aurelia: Your brother?*
*Hannah: Yes, and that's his best friend, Lucy. The pretty girl with the long, brown, curly hair.*

*He is the best pupil in our class. He is really hardworking and smart!*
*Jemma is so funny and talkative!*

*Emir: So Paul, what do you do when you're not studying?*
*Paul: Oh, umm, not much. I'm always really tired in the evenings and at weekends.*
*Emir: Haven't you got any hobbies?*

*Paul: Well, I've recently started doing meditation.*
*Emir: I had no idea you do meditation!*
*Paul: Yes, I practise most mornings usually, but then sometimes it's hard to find the time. I normally meditate once or twice a week when I don't have exams.*
*Emir: Amazing! I think I will try it myself sometime!*

*This is a very fast car. Really? I think it is not that fast. Sports cars are faster.*

*Hi there! I'm so sorry to bother you. Is this seat taken?*
*Hello! No, please, have a seat quickly. The show is just about to start.*

*It's spring at last! The sun is shining so brightly. It warms up my entire face!*

*We are spending too much time at school.*
*We are going to have a blast at Tom's birthday party tonight!*
*How time flies!*
*By the time you get there, the meeting will be over.*
*Be patient Emily. All in good time!*
*She leaves the lights on all the time.*
*You are watching reels on Instagram all day long - what a waste of time!*
*Every time I hear that song I feel so happy!*

*We are really lucky with our new English teacher. She is a really lovely person. She is young and thin and has beautiful blonde hair.*

*I'm a seventh-grade student. I am really lucky because my house is right next to my school. The house is quite large and comfortable. It has 2 floors, an attic, and a terrace rooftop. There is a garden between the garage and the house. We usually make barbecues there in summer. Also, my mother has a small vegetable garden on the rooftop. That makes the house greener. The house has enough room for our daily activities. There are 7 rooms in the house: one living room, one TV room, one kitchen, two bedrooms, and two bathrooms.*

*She is running because she's late for her lesson.*
*Our teacher always gives us lots of homework.*
*We don't want to go to the piano concert.*

*What time are you meeting Pete tomorrow?*
*I am not going to work today. I'm on holiday.*
*People speak English in Jamaica.*
*Archie isn't using his computer at the moment.*
*Does Tom live near the park?*

*I can't lift this box. OK. I will help you.*
*I don't think that she will recognise me.*
*Careful! You are going to fall.*
*I am meeting your dad tomorrow afternoon. We are going to discuss my new book.*
*He is very hard-working. I think he will be very successful.*
*Will you marry me?*
*Who do you think will win the championship?*
*I am flying to America next month. I am super excited!*

*Ronaldo is a famous football player.*
*Jessica is such a hardworking student.*
*Is Dr. Wilson a smart man?*
*A tiger is an animal.*
*Is that an old book?*
*Tea is a beneficial drink.*
*Mustang is an American brand.*
*This is an eraser.*

*If Michelle can't come, we'll ask someone else.*
*I think this is someone else's coat.*
*There's nobody in the classroom.*
*What is happening? I don't know. No one knows.*
*I am lonely. I don't have anybody to talk to.*
*Look! I have something for you.*

*A: Would you mind carrying my bag? B: No, not at all.* *A: Would you mind if I close the window? B: No, of course not.*

*I think reading books is more exciting than playing video games. She is learning how to play chess because she thinks board games are interesting. Mary thinks that everything the teachers say is true. I don't think so.*

*My sister Maria is a very funny person and she loves to talk with people and make them laugh, so she has lots of friends. Maria has a big, friendly smile and I think she is a beautiful person. Everyone loves her and, of course, I am very happy that she is my older sister!*

*I am spending most of my free time playing games on the computer. On weekdays though, I come home from school and do my homework. There isn't much time to play. Most of my classmates are going to the cinema on Saturday. But not me! On Saturdays and Sundays I play all day. I think I am a game addict.*

*Tom and Bob are twin brothers. Although they look alike, they are quite different. Tom likes to stay inside. He likes watching TV. He watches several shows every day. He also likes playing video games and surfing the Net. On the other hand, Bob likes to spend his time outside. He likes to go swimming, so he often visits the swimming pool nearby. Sometimes he goes jogging or plays basketball with his friends. He spends most of his day on his feet.*

*The baking cake filled the kitchen with the aroma of vanilla.*

*The puppy's nose was dry like sandpaper.*

***Can we really fight the fake news and misinformation?***

*There are various reasons why people create fake news and misinformation. Some have political motives, and some want to harm others. There are some websites, like The Onion, which deliberately publish fake news as satire – humorous comments on society and daily news. Some are in it just for the profit: many people clicking on entertaining fake news stories can bring in a lot of money from advertisements. One man running fake news sites from Los Angeles said he was making up to US$ 30,000 a month in this way. There are also those, like the small-town teenagers in the Balkans who wrote fake news stories about an ex-US president, who were motivated partly by money and partly by boredom.*

*So, what can we do to stop fake news spreading? First, make sure that the websites you read are real, for example by looking carefully at the domain name. Check the sources of any quotes or figures given in the story. Remember that amazing stories about famous people will be covered by the mainstream media if they are true. Only share stories you know are true and let your friends know when they share fake news.*

***Responsibilities***

*Alex is an American boy. He lives in Los Angeles, California. He lives with his family in a modern house. He is eleven. He has got an older brother, David and a younger sister, Emma. He starts his day at about half past seven. He gets up, goes to the bathroom, takes a shower, brushes his teeth and gets dressed. Then he has breakfast and at a quarter to eight he leaves home and catches the bus to go to school. Classes begin at half past eight. He usually has lunch at the school canteen at half past twelve. After school he goes home. Alex is a very helpful boy, so he helps his mother clean up after dinner. He usually watches TV after dinner and at about ten o'clock he brushes his teeth, puts on his pyjamas and goes to bed.*

***Like Everyone Else, Seniors Are Texting Too***

*A study says that because of COVID-19 pandemic, seniors started to text and use technology more often. Also, the interest of seniors in technology continues to rise. Today, 64% of senior citizens of the US say that they are comfortable with video conferencing technologies, up from 53% in 2019. "In general, older adults are pretty open about new things and want to use technology," says William Chopik, a psychology professor at Michigan State University. Chopik studied about 600 older adults of 68 and their use of social technologies like SMS messaging, emails, video conferencing, and Facebook. All seniors in the study had positive feelings toward the social technologies they used; they also said that technology had a positive influence on them. "It makes them feel less lonely, and, as a result, makes them happier and healthier," Chopik explained.*

Тема: **МОЈОТ МАКРО СВЕТ: НАСЕЛБА, ГРАД, ДРЖАВА**
Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. слуша и разбира куси едноставни упатства за ориентирање во просторот и користење јавен превоз;
2. чита и разбира вообичаени текстови, ознаки и известувања на јавни места како ресторани, железнички/автобуски станици, кина, театри, музеи и слично;
3. зборува и учествува во директна размена на информации за ориентирање во просторот (градот/населеното место) со барање за појаснување од страна на соговорник кој зборува јасно и бавно;
4. пишува куса едноставна приказна и/или опишува случка од секојдневниот живот.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● барање/давање насоки за просторно ориентирање (знаци, обележја)<br>● изразување разочарување/изненаденост | ● Прашува за/дава потребна информација за да стигне од точка А до точка Б со помош на визуелно зададени знаци/обележја.<br>● Препознава и користи извици и скаменети изрази со кои се искажува разочарување/изненаденост. |

| | |
|---|---|
| • искажување навики во минатото<br>• искажување определени дејства и завршени активности во минатото (со примена на правилни/неправилни глаголи)<br>• прераскажување минати случувања/настани<br>• искажување веројатност<br>• искажување начини на движење при патување или со превозно средство (искажување како се движиме при патување)<br>• изведување значење на клучни зборови во фраза или реченица | • Опишува зачестени дејства во минатото кои не се повторуваат повеќе со примена на глаголската форма *used to*.<br>• Составува реченици со кои се искажуваат определени дејства во минато време користејќи правилни и одреден број најфреквентни неправилни глаголи.<br>• Поврзува неколку реченици во *Past Simple Tense* во мисловна целина за да прераскаже мината случка/настан.<br>• Употребува модални глаголи во реченица за да искаже веројатност.<br>• Опишува начин на движење или патување користејќи соодветни колокации составени од глагол и предлог.<br>• Идентификува клучни зборови во фраза или реченица и ги поврзува со понудени синоними. |
| б) Лексички единици:<br>• посетувани места (за одредени потреби) *apartment, building, bookshop, department store, bazaar, flat, bus station, café, crossroad, street, school, restaurant, hostel*<br>• значајни објекти во нашата околина: *castle, fire station, fortress, church, cathedral, synagogue, mosque*<br>• објекти за културни и спортски манифестации: *library, sports centre, gym, theatre, stadium, square*<br>• придавки за опис на место/простор/објект: *enormous, spacious, tiny, comfortable, light*<br>• фразеолошки изрази за насоки за движење и ориентирање во просторот: *continue straight ahead, walk down this avenue, walk up to the next stop, it's around the corner, take a taxi, catch a bus* | • Препознава значење на определен број едноставни и сложени именки кои означуваат посетувани места, значајни објекти во околината и објекти за културни и спортски манифестации.<br>• Набројува препознатливи објекти и посетувани места во непосредното место на живеење.<br>• Поврзува прочитан опис со одреден јавен простор/место.<br>• Споредува различни места/објекти користејќи ги усвоените именки и придавки за опис на место/простор.<br>• Препознава значење на определен број фразеолошки изрази со кои се искажува насока на движење и ориентирање во просторот и истите ги репродуцира во соодветен контекст.<br>• Опишува (писмено и усно) патување користејќи го усвоениот вокабулар за патување и страните на светот.<br>• Препознава мал број идиоми со места и објекти во даден текст или слушната информација.<br>• Разликува значење на колокации од глаголот *travel* и предлозите *by/with/to* и соодветно ги применува во даден контекст. |

| | |
|---|---|
